

Интервју, Наградените за наградите (Влада Урошевиќ, Петар Т. Бошковски, Пеги и Греам Рид, Глигор Поповски, Марија Кукубајска), СВП, Нова Македонија, стр. 7, 28 август, 1973



ДЕНЕС ВО ДОМОТ НА ЈНА

**ПОЕТСКО — МУЗИЧКА ВЕЧЕР**

Републичката и Градската конференција за општествена активност на жените по повод Осми март организира поетско музичка вечер. Оваа манифестација ќе се одржи денес, со почеток во 17 часот, во салата на Домот на ЈНА. Гостите ќе ги поздрави Вера Димитрова, претседател на Градската конференција за општествена активност на жените. Во програмата со свои творби ќе настапат поетесите Олга Арбулевска, Гордана Михајлова Бошњаковска, Марија Кукубајска, Бистрица Миркуловска, Душица Тодоровска, Радмила Трифуновска, Евгенија Шупликовска и поетите Петре Андреевски, Петар Бошковски, Адам Гајтани и Јован Котевски. Во музичкиот дел ќе учествуваат Јагода Наумова, Биљана Гаврилска и Стела Слејанска Стојанова. В. Г.

УЧЕСНИЦИТЕ НА СВП ВО СКОПЈЕ

**ПОЕТИТЕ ЧИТАА ВО СТОПАНСКАТА БАНКА И ВО СУЛИ АН**

[illegible]

(В. С.)

...за концертно гостување на овој пејач.

Арсен, веќе автор на една стихозбирка („Брод по цвијеће") на вечерите учествува како и сите други гости — како поет.

**ИСПИТ**

Иако досега резултатите од гласањето на жирито за доделување на струшките награди беа досознавани на последниот ден на Вечерите, годинава е направен исклучок. Барем со наградата на РТВ Скопје за најдобра книга за најмладите читатели објавена меѓу двата фестивали и наградата за најдобар превод.

Добитници на овие награди се Глигор Поповски, за подолгата проза за деца „Испит", на првата, и (рамноправно) Петар Т. Бошковски за преводот на „Антологијата на црногорската поезија" и Пеги и Греам Рид за преводот на поемата на Григор Прличев „Сердарот" на англиски јазик, на втората.

**ДЕБИТАНТ**

Познат е и добитникот на наградата на редакцијата на весникот „Студентски збор" која секоја година на Струшките вечери на поезија традиционално му се доделува на најдоброто дебитантско остварување.

Оваа награда годинава ѝ припадна на младата поетеса Марија Кукубајска.

**ТЕРЕН**

Новиот проект на Кирил Ценевски го следат контраверзни коментари. Додека самиот режисер тврди дека без проблеми ќе стартува на 15 септември, други се прашуваат како е тоа можно кога сценариото за „[illegible]" сè уште никој не го видел.

Сепак, сè како да е подготвено за стартот на овој филм. Тоа, иако не како директен одговор на ова

Од наградената книга на Марија Кукубајска, Временија и Неоткрит, Македонска книга, Скопје, 1973

VI

## АСТРОНОМСКА ПСИХОЛОГИЈА

Ти не си ни згинлив створ ни пронајдив збор. Сечија потрага во тебе препознава снага за одбрана на природата со натприродни камбани потсвесен Спасовден.

Од СамоБол претопуваш леден гроб и пак се раѓаш роб на слободата што се бори во арена неслутена со непогодата.

Јави ми се невозможен збор на новоречни безбрежја. И не ќе те давам на потопот гневен „јасносвод", зашто си непредвидуван, непровиден суд на астрономска психологија и агрономска виталогија.

Нека не се плашат од тебе зашто ти си брат и од земја и од небо и од секој кат на своевековни вистини.

Не ќе те имав ако не дознавав, кога те примав, што било неимување.

По сезвучни паради на многујазични номади, преведувај се себе, кон наслутени неслутености, кон другиот брег на вечноста.

Јас, душата твоја, ако не знам да те, имам вистините нека ме казнат — себе да се заборавам со твојата смрт. Но каде и да се заречеме, не ќе се одречеме од трпение пред бескрајот. Како и да се оддубиме, не ќе се загубиме — еден во друг сме и меѓу нестинливи младостранински или нерастопливи старопланински набори на душата.

63





НОВА МАКЕДОНИЈА 1983 КУЛТУРЕН ЖИВОТ ПОВОДИ • ПОГЛЕДИ • МИСЛЕЊА

РАЗГОВОР СО ПОВОД: Ерика Џонг

МАРИЈА КУКУБАЈСКА

# Не сум ослободена од стравот

БИ БИЛО ГОЛЕМА ГРЕШКА КРИТИКАТА ДА СЕ ЗЕМА СЕРИОЗНО — ПОЕТОТ ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДИ СЕБЕ СИ, А НЕ КРИТИКАТА, НАГЛАСУВА НАШАТА СОГОВОРНИЧКА

...*одена од стравот,* учество на



...интервју со поетесата ... Културен

СРЕДБА СО ХУСТО ХОРХЕ ПАДРОН:

# поезијата е мојата страст

— Повод: Излегувањето на книгата „Круговите на пеколот", Македонска ревија, Скопје, 1986



Хусто Хорхе Падрон со Марија Кукубајска

МАРИЈА КУКУБАЈСКА

april '86

КУКУБАЈСКА, Марија, интервју со Хорхе Хусто Падрон: *Поезијата е мојата страст*, Македонска ревија, Скопје, 1986, книга на македонски јазик, Круговите на пеколот, СВП.